**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 16. 11. 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 5657 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

 - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
 - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
 - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Начинот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител во извештајниот период од 1 до 10 ноември 2016 година, беше анализиран во десет изданија на Дневникот во 19 часот и осум изданија на Бизнис вестите (кои се емитуваат во работните денови).

Големината на примерокот изнесува 5 часа 3 минути и 52 секунди и во него, прилозите со некој од информативните жанрови (извештаи, изјави, интервјуа, вести, соопштенија) учествуваат со 3 часа 57 минути и 28 секунди (Табела 1). Има четири интервјуа - три во живо во вестите: на 3 ноември со градоначалникот на Општина Карпош Стевче Јакимовски по повод годишнината на Општината (2 минути и 58 секунди); на 9 ноември, со Никола Попоски, вицепремиер и министер за надворешни работи, по повод извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија (7 минути и 31 секунда), а на 10 ноември, за европските перспективи на земјата се разговара со Самуел Жбогар, амбасадор на Европската Унија во Република Македонија (14 минути и 55 секунди). На 7 ноември се емитува претходно снимено интервју со амбасадорот на САД во Република Македонија Џес Бејли за изборите во САД и споредба со изборите во Македонија (13 минути 8 секунди).

Овој десетдневен период е зголемено присуството на коментарите и освртите, чие времетраење изнесува 1 час 6 минути и 24 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:31:03 | 13,08 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:40:06 | 16,89 % |
| Локална самоуправа | 00:06:44 | 2,84 % |
| Влада на РМ | 00:36:12 | 15,24 % |
| Други субјекти | 00:22:14 | 9,36 % |
| Специјално обвинителство | 00:05:04 | 2,13 % |
| Судство | 00:00:54 | 0,38 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:47:42 | 20,09 % |
| АРМ | 00:00:48 | 0,34 % |
| Без субјекти | 00:11:14 | 4,73 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:46 | 0,32 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:15:18 | 6,44 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:56 | 1,66 % |
| Привремена комисија | 00:01:13 | 0,51 % |
| ДИК и други органи | 00:02:05 | 0,88 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:25 | 1,02 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:17 | 0,54 % |
| Шарена револуција | 00:00:36 | 0,25 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:20 | 0,14 % |
| Демократски сојуз | 00:00:20 | 0,14 % |
| Претседател на РМ | 00:00:44 | 0,31 % |
| Граѓански сектор | 00:02:19 | 0,98 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:02:42 | 1,14 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:50 | 0,35 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:36 | 0,25 % |
| | **Вкупно: 03:57:28** | **100 %** |

Поради интервјуата со амбасадорите Бејли и Жбогар, прва по застапеноста во вестите е категоријата која ги опфаќа амбасадорите, странските политичари, меѓународните организации и институции.

Од домашните политички субјекти, најмногу време има за ВМРО ДПМНЕ, потоа Владата, па СДСМ, по кои следуваат методолошките категории *„други субјекти"*, *„органи на државната управа/јавни претпријатија"* и *„без субјекти"*.

Доминацијата на информации за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ го одликува известувањето за политичките партии, со тоа што од самите активности на партиите се известува неутрално, но потоа за ВМРО ДПМНЕ во низа има осврти со позитивна рамка направени за активности кои се веќе емитувани претходните денови, а за СДСМ има низа коментари со негативен тон и рамка (опишано подолу во извештајов). На критиките на СДСМ понекогаш одговараат и од надлежни институции. Со мала застапеност, се јавуваат уште ПЦЕР, ДУИ, ДОМ, ГРОМ, Коалиција за промени и правда, СПМ и Демократски сојуз.

Во времето за Владата, освен редовните активности, се вбројуваат и прилози со позитивен контекст за нејзините активности, политики, резултати, проекти: на 2 ноември „Од јануари до август 223 милиони евра странски директни инвестиции, според НБР", (1 минута и 17 секунди); на 3 ноември, таков е прилогот со три телопи „Американската компанија 'Леар корпорејшн' во Тетово го отвори својот прв производствен капацитет во Македонија", „Инвестиција од над 15 милиони евра, во која во моментов работат 520 лица" и „До 2018 година се планира да се вработат до 2 илјади лица" (2 минути и 24 секунди); на 7 ноември „Министерот Никола Тодоров во работна посета на Клиничката болница во Битола" (41 секунда); на 8 ноември „Елизабета Канческа Милевска ја посети Кинотеката на Македонија: Трезор со повеќе од 15 илјади филмски наслови" (1 минута и 11 секунди). Има и прилози со позитивен контекст за резултатите од политиките на власта во кои како субјекти се јавуваат претставници на странски компании.

Прилозите од разноликата методолошка категорија *„други субјекти"*, се однесуваат на активности на: Агенција за супервизија на осигуреници, Македонска берза, Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер, Машински факултет, Асоцијација на автомобилската индустрија, НБРМ, Даут Динарица, Омер Аџами и Етем Абаз, малолетниот Зоран Лалчев од Кавадарци, Стопанска комора на РМ, СКСЗМ, Хајтек, ПСМ Инкубатор, Кинотека на Македонија, МОБ, Инвестициски фонд, Национална стипендија за европски образовни програми и мобилност, Локо транс Македонско - руска стопанска комора и др.

Локалната самоуправа, освен со едно интервју, е присутна со неколку извештаи со позитивен контекст: на 1 ноември „Општина Прилеп со реконструкција на партерното уредување во средното медицинско училиште" (48 секунди), „Реконструкција на Домот на културата во Пробиштип" (46 секунди); на 2 ноември „Чадиев пушти во употреба котел за греење во основно училиште" (49 секунди);

И кај директните обраќања, најмногу време има за странските субјекти поради интервјуата со двајцата амбасадори, а по нив се претставниците на Владата, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:21:26 | 18,34 | % |
| СДСМ | 00:18:23 | 15,73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:51 | 17,84 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:31 | 3,86 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:31:33 | 27,00 | % |
| АРМ | 00:00:24 | 0,34 | % |
| Други субјекти | 00:08:12 | 7,02 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:19 | 0,27 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:23 | 3,75 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:00:49 | 0,70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:00 | 0,86 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:24 | 0,34 | % |
| Шарена револуција | 00:00:23 | 0,33 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:27 | 0,39 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:44 | 0,63 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:14 | 1,06 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:45 | 0,64 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:30 | 0,43 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:34 | 0,48 | % |
| | **Вкупно: 01:56:52** | **100** | **%** |

Ставовите на ТВ Сител, како и позитивното или негативното врамување или тон, се среќаваат во прилози и со аналитички жанрови и со информативни жанрови.

На 1 ноември во „Поголемо ниво на квалитет и подобри услови за работа ќе овозможи набавката на нова опрема во здравството" (3 минути и 31 секунда), се прави осврт на предизборните ветувања за набавка на нова опрема во здравството, дадени претходниот ден од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, преку позитивните ставови на д-р Александар Чапаровски, директор на Клиника за неврохирургија, д-р Аспасија Софијанова, директорка на Клиника за детски болести, д-р Татјана Баевска Вучковиќ, директорка на Здравствен дом Скопје, д-р Виктор Камиловски, од Клиниката за хируршки болести „Св. Наум Охридски".

Истиот ден се емитува коментарот „Сител анализира: Заев и Ахмети влегоа во предизборниот ринг кој е поголем Албанец во Македонија?" (3 минути и 31 секунда), со негативен тон и рамка за СДСМ и ДУИ, и позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Најавата гласи: „Лидерите на Социјалдемократскиот сојуз и на Демократската унија за интеграција влегоа во предизборниот ринг започнувајќи ја трката за најголем Албанец во Македонија. Експертите оценуваат дека Заев предничи со идеите кои ги презентира пред гласачите, а лидерот на ДУИ Али Ахмети, според нив, ги следи неговите чекори". Потоа прилогот почнува со навод дека коментарот за тоа „кој е поголем Албанец" доаѓа од експерти, по „чудната коинциденција во понудата, која на албанскиот електорат им ја сервираа лидерите на СДСМ и ДУИ". Се вели дека, според експертите, она што Ахмети го нуди, Заев веќе одамна го понудил. Потоа се наведува дека Ахмети поставил ултиматум за редефинирање на Македонија и двојазичност на целата територија „што коинцидира со понудата на Заев кој не крие дека готви редефинирање на Македонија, а доколку СДСМ дојде на власт Албански ќе се зборува во секое место во земјава". Се емитува дел од интервјуто на Заев дадено пред некој месец за Нова ТВ, во кое тој зборува за употребата на албанскиот јазик во Република Македонија. Како вовед во изјавата на политичкиот аналитичар Ристо Никовски, се кажува дека експертите велат оти битката на Заев и Ахмети за албанските гласови е директно на штета на македонските национални интереси и константно ги слабее македонските позиции и се наведува изјава на Ахмети оти бргу ќе дојде времето кога Македонците ќе станат малцинство во сопствената држава. Следува изјавата на Никовски – дел изворно, дел прекажана - за тоа дека има коинцидирање меѓу опозицијата, која не води сметка за македонските национални и државни интереси, и албанскиот фактор за кој се знае од каде потекнува, од 2001 година, како и дека Македонците можат да ги пресретнат апетитите на ДУИ, засилени од антимакедонските понуди на Заев, за што овие избори се клучни и оттаму разбирливо е барањето на Груевски за 63 пратеници. На крајот се вели дека експертите очекуваат оти со наближувањето на денот на изборите ќе расте и националистичката реторика во албанскиот блок, „која по 11 декември ќе може да ја стави под контрола само влада со стабилно мнозинство". По коментаров, се емитува издвоен прилог „Шилегов: Употребата на јазиците е регулирана со Устав" (22 секунди), во кој се пренесува ставот на СДСМ, преку изјавата на портпаролот на СДСМ Петре Шилегов, дека употребата на јазиците е утврдена со Уставот и оти двојазичноста е спин на власта.

На 2 ноември има уште еден осврт на ветувањата за нова опрема во здравството, дадени од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски два дена претходно, „Мега проектот за опрема во здравството ќе ги опфати болниците низ целата држава" (3 минути и 38 секунди). Во прилогот се пренесуваат позитивните ставови на д-р Атанас Василев, директор на Болница во Велес, д-р Владо Кузмановски, уролог од Болницата во Прилеп, Горан Манојловски, Клиничка Болница Тетово, Василие Најдовски, директор на Битолската болница, Оливер Зафировски, директор на Болница Козле, д-р Јасмина Чабуковска, директор на Хируршка болница „Св. Наум Охридски", проф. д-р Андон Чибишев и на граѓани. По овој прилог се емитува друг со реакција од СДСМ „СДСМ: Проектот на ВМРО ДПМНЕ е лицемерен" (51 секунда), а по него контрареакција „ВМРО ДПМНЕ: Фабриката за афери на СДСМ работи во три смени, опозицијата е во паника" (46 секунди).

Нареден во Дневникот е коментарот „Граѓаните реагираат на најавите за двојазичност и редефинирање на државата, со кои се натпреваруваат Заев и Ахмети" (3 минути) со негативен тон и рамка за СДСМ и ДУИ, и позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ, кој во основа е повторување на коментарот од претходниот ден. Во најавата се вели: „Граѓаните реагираат на сè поотворениот натпревар Заев - Ахмети за тоа кој ќе им вети поголеми права на етничките Албанци. Додека лидерите на СДСМ и ДУИ зборуваат за двојазичност од ВМРО ДПМНЕ бараат 63 пратеници за овие најави да не се остварат". Во прилогот се повторува ставот на политичкиот аналитичар Ристо Никовски (од коментарот од претходниот ден) за тоа дека барањето на Никола Груевски за 63 пратеници во Собранието „е единствен начин да се спречат антимакедонските понуди на Заев и Ахмети" инаку би можело да дојде до „конфронтација и тоа поширока, балканска". Има анкета со граѓани кои се изјаснуваат негативно, потоа се потсетува на интервјуто на Зоран Заев за Нова ТВ, дадено пред некој месец, па се вели дека Ахмети „понудата на Заев ја прифати со раширени раце и дополнително ја надгради (со барање за консензуалност во одлучувањето и промена на името за влез во НАТО). Потоа се вели дека лидерот на ВМРО ДПМНЕ, на партискиот собир пред неколку недели, ги најавил ваквите позиции на ДУИ и СДСМ и изворно се емитува делот од говорот во кој Груевски бара 63 пратеника. Се повторува и тврдењето од претходниот ден оти експертите очекуваат дека до изборите ќе расте националистичката реторика на ДУИ, а СДСМ ќе продолжи да ја шири својата понуда на штета на македонските национални интереси, со надеж дека Албанците ќе и ги подобрат позициите.

Подоцна се емитува прилогот „Шефот на Изборната кампања на Хилари Клинтон обвини дека ФБИ директно се вмешува во претседателската трка" (2 минути и 40 секунди), во кој се прави осврт на реакциите поради тоа што ФБИ објавува податоци за истрагата за Хилари Клинтон. Сторијата се локализира со тоа што се прави паралела со СЈО и со обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ дека Обвинителството, обвинувајќи само членови на оваа партија, води кампања во корист на СДСМ во пресрет на изборите во Македонија.

Во Бизнис вестите има осврт „Новите фабрики ги зголемија побарувањата и интересот за квалификувани работници" (1 минута и 44 секунди) за тоа дека се зголемува интересот за техничките науки, но за да престане миграцијата на младите треба овој кадар да добива и повисоки плати. Во прилогот има изјави од Радмил Поленаковиќ, од Машински факултет, Славчо Николовски, студент на Машински факултет и Аврам Стојчевски, од Асоцијација на автомобилската индустрија.

Дневникот на 3 ноември почнува со коментар кој е означен со телопите „Уреднички коментар", „Додека го бркаат Диме Спасов, полицијата гледа и не реагира", „Туарегот го следат возила со лица со криминални досиеја, а не Алфи", „Не го запираат Алфите, туку тој сам застанува, а криминалците веднаш по него", „Криминалните лица го напаѓаат Диме Спасов и го лепат за Туарегот" „Едниот од нив држи пиштол во рака, заокружен е на снимката" (13 минути и 24 секунди). Во него се прави реконструкција на настанот поврзан со наводите за сообраќајни прекршоци на дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, и има негативен тон за СДСМ и МВР. Се вели дека станува збор за соработка на СДСМ со подземјето, за изборни потреби, и оти е тоа скандал што СДСМ „се обидел да го спакува", односно дека „тоа е политиката на СДСМ денес, тоа е политиката на колумбиските картели и нивните политичари". Се објаснува што се случувало вечерта кога настанале инцидентите. Се тврди дека сообраќајна незгода немало, дека дополнителниот заменик-министер бил следен од лица со криминални досиеја од Серава, кои имале

„веројатна намера" да употребат оружје, а полицијата не реагирала, како и дека, откако застанал, Алфите впериле пиштол во него, по што тој се оддалечил. Како илустрација се користат снимки од надзорни камери од јавни сообраќајници, јавни објекти, кафани, ресторани итн., кои двапати се емитуваат. Се вели оти овие снимки ги има МВР, дека министерот на прес-конференција дента признал оти „има снимка, знае за снимката, ја сокрил", а тврдел дека никој не го бркал Спасов, немало насилство од никого, дури ни од Алфите, по што се емитуваат делови од прес-конференцијата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, означени со телоп „МВР: Диме Спасов бегал од униформирани полицајци. Снимките покажуваат дека Оливер Спасовски не ја кажува вистината" (1 минута и 8 секунди).

Следува уште еден коментар „Ова се новите детали: Кои се лицата кои го нападнаа Диме Спасов со оружје пред Катастар" (2 минути и 46 секунди), со негативен тон и рамка за СДСМ и МВР. Во прилогот се говори дека станува збор за Даут Динарица, Омер Аџами и Етем Абаз, кои имаат криминални досиеја и дека тоа „фрла нова димензија на случајот од минатата недела за кој проопозициските портали и активисти преку социјалните мрежи објавуваа бројни дезинформации со цел дискредитација на Диме Спасов" на што се надоврзала и изјавата на портпаролот на СДСМ Петре Шилегов „со што овој случај стана дел од црната политичка кампања" и дека постапката на МВР има пропусти.

Следува уште еден коментар на уредникот и водител на Дневникот (48 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ и МВР. Во коментарот се вели „дали е оваа соработка на СДСМ со подземјето случајна – не. Да ве потсетам на скорешна изјава, овие денови на Митко Чавков, досегашниот министер за внатрешни работи, кој јавно информира дека постојат 140 лица кои СДСМ ги ангажирал, ги внел во МВР, меѓу кои и бивши Алфи, кои се занимавале со криминал, па биле избркани. Тие 140 лица се под оружје и се планирани од СДСМ да прават нереди за нивните изборни потреби. Има ли страв кај Македонците од оваа закана? Има, кај сите нас. Но, има ли решение за оваа закана? Има. Решението е на 11 декември, просто и едноставно - со тие 140 и вакви методи ќе живееме или ќе живееме спротивно?".

Оваа целина од вестите завршува со дел од интервју на дополнителниот заменик-министер Диме Спасов за ТВ Нова „Ова е класична полициско криминална хајка против мене, изјави Диме Спасов" (2 минути и 11 секунди).

На 4 ноември, ТВ Сител се навраќа на настаните околу случајот со дополнителниот заменик-министер Диме Спасов во освртот „Даштевски: Случајот со Диме Спасов - класично криминално политичко сценарио кое СДСМ го планирало подолг временски период" (3 минути и 56 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ, во кое се пренесува изјавата на политичкиот аналитичар Александар Даштевски (од Радио Слободна Македонија), според кого станува збор за сценарио кое докажува дека Оливер Спасовски ја лажел јавноста, ја злоупотребува полицијата за политички цели, со што се урираат темелите на државата, дека СДСМ затоа инсистирало да го преземе МВР, „а се појасно станува дека овие криминалните групи ќе се користат и во следниот период за предизвикување немири и проблеми кои ќе се припишуваат на сметка на власта. Тој потсетува и на случајот со „фабриката за афери" на Чауш. Потоа се емитува и реакција од ВМРО ДПМНЕ за тоа дека целата јавност се уверила оти СДСМ ја разбира политиката како поле на кое со конструкции и црни сценарија ги манипулира граѓаните и бара оставка на Спасовски и заминување на раководството на партијата. На крајот се вели оти Сител уште нема добиено одговор зошто министерот Спасовски инсистирал да се состави нов записник во полициската станица Карпош „во која на него му требало да стои дека Диме Спасов ги нападнал полицајците и зошто МВР тврди дека во настанот учествувале Алфи, а според информации на Сител тоа биле полицајци од полициската станица Карпош, облечени во цивилна облека".

На 5 ноември се емитува освртот "Лекарите очекуваат подобар квалитет во здравствениот систем со најавените реконструкции" (2 минути и 52 секунди) во кој ТВ Сител, со позитивна рамка, се навраќа на ветувањата за мерки во здравството, дадени од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски претходниот ден, преку ставовите на проф. д-р Звонко Миленковиќ, директор на Клиника за инфективни болести и Василие Најдовски, директор на Клиничка болница Битола и се повторува дел од изјавата на Никола Груевски.

По овој следува уште еден осврт „Македонија за прв пат ќе добие национален центар за кардиоваскуларни заболувања“ (2 минути и 35 секунди) во кој, по истиот принцип како и во претходниот прилог, има навраќање во позитивна рамка на ветувањата за мерките во здравството од претходниот ден, преку изјавите на проф. д-р Билјана Теофилова, директорка на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија и проф. д-р Бисерка Јовковска Ќаева, директорка на Клиника за пулмологија и алергологија, и дел од изјавата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

Наредниот прилог е коментаторски извештај „ВМРО ДПМНЕ повторно со барање за оставка на Спасовски“ (3 минути и 53 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ, а претставува актуелизирање на темата за Диме Спасов, овојпат преку изјавата на Влатко Ѓорчев за новото барање од ВМРО ДПМНЕ за оставка од техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски, и преку изјавата на Илија Димовски со барање да не се злоупотребува полицијата. Во прилогот се наведува дека наместо Спасовски, на прес-конференцијата претходниот ден зборувал неговиот портпарол Тони Ангеловски. За него потоа се наведува дека е поранешен новинар кој според порталот Курир „по партиска заслуга е вработен и унапреден од Спасовски во државен советник“, а бил „последен во низата скандали на СДСМ“ бидејќи бил фатен како под дејство на алкохол управувал со возило, но се прикривал од органите на прогонот правдајќи се дека е дел од кабинетот на министерот, иако според датумот на издавање на наредбата, тој тогаш не бил на таа функција. Потоа, повикувајќи се на Курир, се повторува тврдењето дека случајот со Спасов „покажува битен брак и заедништво меѓу криминалот и раководството на СДСМ“, па се набројуваат самоубиството на Коста Крпач што „според познавачите на состојбите беше резултат на притисоците на полицијата и СЈО“, случајот со Мијалков „кој беше следен од луѓе на СЈО“, случајот со Чаушот кој фалсификувал пасоши „кои потоа СДСМ сакаше да ги прикаже како изборен криминал“. Се дава навод од последната колумна на Дарко Јаневски во Дневник дека „сите треба да се чуваат бидејќи ваквите местенки може да се применуваат понатаму и на обични граѓани, кои притоа плаќаат данок на оваа држава која не е способна да ги заштити“. За илустрација се користат снимките од надзорните камери што Сител ги објави во врска со наводите за сообраќајните прекршоци на заменик-министерот Диме Спасов.

Наредниот прилог е соопштение-реакција на СДСМ на барањата за оставка на Спасовски „СДСМ: Ѓорчев мора да побара одговорност од Спасов“ (33 секунди).

Следува прилог „Дневник: Дали Катица Јанева извадила членска книшка на СДСМ“ (1 минута и 56 секунди) во кој се пренесува написот од Дневник за тоа дали обвинителката е членка на СДСМ, поставено врз основа на членска книшка во оваа партија за личност со исто име и презиме и датум на раѓање. Се наведува дека Дневник барал информации во врска со книшката од СДСМ, по што се вели оти не би било изненадување доколку книшката е оригинал поради тоа што Јанева вработила кадар од СДСМ (се потсетува на Борче Трајковски) и оти „во јавноста кружат информации дека Јанева преземала уште еден член на СДСМ кој во исто време е и советник во Крива Паланка“.

По завршувањето, во одвоен прилог се објавува демантот „СДСМ: Јанева ниту била, ниту е член на партијата“ (23 секунди).

Кон крајот на Дневникот има осврт, со позитивна рамка за власта „Инвестицијата на 'Леар' ќе го зголеми бројот на вработени во Тетово“ (1 минута и 10 секунди).

На почетокот на Дневникот на 6 ноември, воведот во јавувањето во живо од Конгресот на СДСМ е следнава коментаторска најава (19 секунди) со негативен тон за партијата: „Компромитирани и матни ликови, секој втор соросоид. Вака изгледаат кандидатските листи на СДСМ – Шарена, партијата која од денеска целосно ја завладеа Сорос. Членството е пред бунт поради одлуката на раководството. Оние кои долго време ја поддржуваат партијата и се на секој поголем протест кој го организирала партијата се чувствуваат изневерени“. Следува прилог, означен со два телопи „21 Конгрес на СДСМ во Александар Палас, усвоена кандидатската листа“ и „Заев: Ова се победничките листи на 11 декември на СДСМ и партнерите, со граѓаните“ (3 минути и 25 секунди) во кој се емитува дел од обраќањето на лидерот на партијата во траење од 2 минути и 19 секунди.

Потоа, јавувањето во живо продолжува со коментар, со негативен тон и рамка за СДСМ, кој трае 6 минути и 11 секунди, а е опремен со следниве телопи: „СДСМ на избори оди со стари компромитирани кадри и многу соросоиди", „Нови гласови со стари и компромитирани кадри СДСМ врие од незадоволство", „СДСМ Шарена - партијата која од денеска целосно ја завладеа Сорос". На почетокот се вели дека пред Конгресот „партиски извори брифираат дека СДСМ и на овие избори довербата на граѓаните ќе ја бара со стари и искомпромитирани кадри". Се наведува кои ќе бидат носителите на листите, меѓу кои и претставници на невладини организации „кои се предводени и финансирани од Сорос со што сериозно ќе биде доведена во прашање нивната независност и нивната кредибилност". Коментарот продолжува со претходно снимен прилог во кој, во контекст на тоа кои од досегашните пратеници не се наоѓаат на листите, се вели дека „очекувано Заев и Шеќеринска ги пуштија низ вода најгласните и најактивните, за на нивно место да ги донесат во собранието соросоидите и шарените". Потоа поединечно се именуваат личностите на листите и се претставуваат во негативна рамка. За Стево Пендаровски се вели дека народот го нарекол стока и како претседател на ДИК ги легализирал фалсификатите со кои Црвенковски стана претседател во 2005 година. Потоа се емитува негова стара изјава во која пред неколку граѓани зборува за одзив на гласање и вели: „имате една предност пред нив, вас не ве качуваат у комбиња као стока (овој дел од изјавата се повторува), него гласате као граѓани со име и со презиме и така да остане. За кого сакате гласајте, ама гласајте самите со своја свест и совест, а не да ве товараат". За Дамјан Манчевски се вели дека бил во „центарот на скандал каде извлекувал пари од општината Куманово и нивниот градоначалник Дамјановски, правејќи матни тендери кои завршувале на српска фирма чиишто контакт е токму Дамјановски. При информирањето кои од претставниците на „Шарената револуција" се на листите, се говори за еден од предводниците на „платеничката револуција на СДСМ, платена со соросовите пари, Павле Богоевски со што само паднаа маските дека се работи за било каква самостојна граѓанска иницијатива туку параван зад кој стои СДСМ и парите на Сорос. Со тоа СДСМ, со име и презиме, се легитимира дека стои зад секој уништен објект и инцидент направен од платената револуција на СДСМ". За тоа што Оливер Спасовски предводи листа се вели оти говори за тоа „дека има грубо мешање на полицијата и нејзини злоупотреби за партиски цели", се спомнува „фабриката за фалсификување пасоши, организирана од Чаушот, па се до последната организирана местенка на Спасовски врз министерот Диме Спасов". Мухамед Зекири еословен со „албански радикал" кој ќе ги убедува граѓаните дека СДСМ и Заев ќе ја ќе исполнат двојазичноста на целата држава. Ферид Мухиќ е "советникот на Црвенковски... кој е дел од таа СДСМ-овска матрица". Фросина Ременски е некредибилна, за неа има „повеќе тужби за злоупотреба на функцијата од бројот на работни денови во Министерството за труд и социјала". Љупчо Николовски „му е десна рака на аферашот Зоран Заев" и „ќе остане запамтен по класичното непознавање на земјоделството". Зоран Заев пак е носител на листа „иако има негативно мислење за него" и е „човек со десетици криминални афери зад себе" снимен како бара мито. Хари Локвенец е „типичен олигарх од редовите на СДСМ". Радмила Шеќеринска е „жената која е синоним за сите неуспешни политики на СДСМ... чиј сопруг треба да одговара поради перење пари" оти четири стана си издавал самиот на себеси, а „за одлепеноста на народот" говори скандалот кога Шеќеринска се луксузирала на јахта под грчко знаме, а не кажала дали е нејзина. Петре Шилегов „никогаш не објасни како се стига во време на режим, каков што тој опишува, до два стана вредни 150 000 евра".

На ова се надоврзува прилог со изјава на Софија Куновска „Револтот кулминира: Софија Куновска поднесе оставка од претседател на СДСМ-Скопје" (2 минути и 4 секунди) во кој се вели дека неофицијално се дознава дека оставката е дадена поради незадоволство од пратеничките листи. По емитувањето на изјавата се коментира дека причина е тоа што на нејзино место дошла Лилјана Поповска од ДОМ. Од студиото се поставува прашањето дали некој го напуштил Конгресот, на што е добиен негативен одговор, а уредничката и водителка од студиото вели дека има информации оти Конгресот, незадоволни, го напуштиле Горан Сугаревски и Марјанчо Николовски.

Оваа целина од вестите има уште еден сегмент „Најгласните поддржувачи на СДСМ со потсмев ги коментираат пратеничките листи (2 минути и 14 секунди) при што се наведува дека „освен Ванковска, Јадранка Костова, Борјан Јовановски, Игор Мицковски, сериозна забелешка има и Мирјана Најчевска" по што

се чита нејзин статус од Фејсбук и статуси на Костова, Јовановски, Светлана Јовановска, Марија Миовска Васин.

Следниот прилог е извештај за одржувањето на 17-та годишна Конференција на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ, при што од студиото, во воведот, се прашува кои пораки ги упатиле Даниела Рангелова и Никола Груевски. Прилогот е комбинација од јавување во живо и три снимени прилога во кои нема коментари, а нагласок е ставен на излагањето на претседателот на партијата Никола Груевски. Сегментот од вестите трае 11 минути и 49 секунди и има изворно емитувани изјави од Груевски во траење од околу 4 ипол минути. Акцентите се извлечени во следниве телопи: „Груевски: Народот на овие избори ќе одлучи со кого ќе му биде подобро, со ВМРО кое работи или СДСМ кое креира кризи", „Груевски: На овие избори секој одлучува за себе и за Македонија која оди напред", „Груевски: Уште 5 недели до големата победа на народот", „Груевски: Во новата програма предвидуваме цела низа на проекти наменети за жените", „Груевски најави 4 нови инвестиции за 1.350 нови вработувања", „Груевски: СДСМ не сака да се збори за реалните проблеми, затоа измислуваат непостоечки работи", „Груевски: Прават афера од Јордан Мијалков - единствена маана му е што ми е вујко, го обвинува човек осуден и човек кој лежел затвор", „Груевски: Тактиката на опозицијата им е десен блок за да ВМРО се занимава со ВМРО, Шарена револуција и Катица да штанца пријави", „Груевски: Им пропадна операцијата со Чаушот, па СДСМ се пушти на полициска хајка против Диме Спасов" и „Груевски: Заев не може да победи и е свесен за тоа, бидејќи нема што да понуди".

Делот од Дневникот во кој се информира за дневните настани на партиите има уште еден прилог, изјава на лидерот на ДУИ Али Ахмети, дадена на собир на жените на партијата, одржан дента (49 секунди).

На 7 ноември се емитува коментар со негативна рамка за СДСМ „СДСМ мотивирана од поразот, ги напушти принципите од 2014" (2 минути и 49 секунди), каде се коментира дека оваа партија го напуштила концептот од претходните парламентарни избори кога партиското раководство не беше на кандидатските листи. Во коментарот се вели: „Политичките аналитичари сметаат дека одлуката на Заев овојпат да се кандидира за пратеник најверојатно е мотивирана од проценките дека опозицијата ќе ги загуби овие избори и затоа раководството си обезбедува сигурно пратеничко место, а Заев пратенички имунитет". Се емитува изјава на Зоран Заев од 2014 година во која говори за „новиот концепт" од претходните избори, а потоа има изјава од Никола Тодоров од ВМРО ДПМНЕ, кој го коментира напуштањето на концептот за тоа дека Заев признал оти кризата од 2014 била претходно договорена и тој знаел дека нема да влезе во парламентот и ги пуштил низ вода тогашните пратеници. На крајот се вели „аналитичарите прашуваат каде исчезнаа убеденоста и сигурноста на СДСМ во победата на претстојните парламентарни избори како што беше случајот и во 2014 година". Иако авторот се повикува на аналитичари, во прилогот не се појавува ниту еден.

На 8 ноември, во освртот „Реакции за кандидатските листи на СДСМ" (1 минута и 31 секунда) се пренесува Фејсбук статусот на поранешната пратеничка Каролина Ристова Астеруд, со нејзината негативна реакција на тоа што Ферид Мухиќ е на листата, и на актерот Сашо Тасевски, со негативен став за Лилјана Поповска. Се потсетува дека на листите не се Софија Куновска, Горан Сугаревски и Марјанчо Николовски, по што се пренесува тврдењето на Дневник дека тие не се нашле на листите по барање на Радмила Шеќеринска. Потоа се вели „Заев денеска призна" дека има незадоволство од листите, но оти тој „нема намера да ги менува" на што се емитува изјава на Заев „Конгресот го пренесе овластувањето но секако листите се тие коишто Конгресот ги донесе со своите одлуки". На крајот се вели: „Во меѓувреме на социјалните мрежи почнаа да се формираат и групи на поддржувачи на СДСМ кои се противат на листите на Зоран Заев, но тоа за партиското раководство не претставува проблем" што се илустрира со скриншот од Фејсбук страница наречена „За листа на кандидати за пратеници без Ферид Мухиќ" без податок кој ја основал.

Подоцна се емитува уште еден коментар со негативен тон за СДСМ и позитивен за ВМРО ДПМНЕ „Експерти: Овие се избори каде ќе се одлучува помеѓу Груевски и Заев" (1 минута и 41 секунда) во кој се повторува тезата дека изборите на 11 декември ќе бидат „своевиден референдум, граѓаните ќе бираат меѓу политиките на ВМРО ДПМНЕ на проекти и политиката на СДСМ за креирање на кризи. Политичките аналитичари оценуваат дека меѓу изборот Груевски, со проекти и дела зад себе, и Заев, со куп афери,

расплетот на политичката криза ќе значи и пораз на опозицијата". Потоа се емитува ставот на универзитетскиот професор Александар Даштевски според кого тоа може да се види од последните настапи на лидерите со тоа што настапот на Груевски бил „моќно победнички", а другиот „неубедлив и слаб".

Нешто подолу во вестите има осврт со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ „Болниците на кои веќе се работи, ќе добијат медицинска опрема од повеќе милиони евра" (1 минута и 12 секунди) со детално потсетување на ветувањето, дадено некој ден претходно, за тоа која опрема ќе биде набавена за која болница.

Коментар со негативна рамка за СДСМ има во Бизнис вестите „Заев: И ние ќе земеме кредити ако дојдеме на власт" (1 минута и 13 секунди) во кој се вели дека „иако партијата е најголем критичар на власта во однос на долгот на земјата сепак Заев вели дека задолжување мора да има", се емитува изјавата на Зоран Заев: „Не дека во Македонија ќе нема и нови кредити, мора да има, ама тие ќе бидат само за капитални инвестиции и проекти коишто ќе враќаат пари назад во буџетот на Македонија. Тоа е рационалниот пристап" и се коментира „во изминатиот период СДСМ постојано критикува дека власта ја турка Македонија во грчко сценарио". Потоа се потсетува на податоците од европската статистичка служба дека Македонија е меѓу најниско задолжените земји во регионот и во Европа и се пренесува реакцијата на Министерството за финансии за критиките од СДСМ за висината на јавниот долг.

На 9 ноември, негативен тон за СДСМ има во коментаторскиот извештај „Самка Ибраимовски ја напушти коалицијата на СДСМ" (1 минута и 54 секунди) кој почнува со тврдењето „Се растура предизборната коалиција на СДСМ. Ромската партија на Самка Ибраимовски и официјално го напушта јатото на Заев и ќе бара место во коалицијата на ВМРО ДПМНЕ". Потоа се наведува дека информацијата за Сител ја потврдил Ибраимовски, оти преминувањето ќе зависи од тоа каква е понудата од владејачката коалиција, а „конечната одлука партиските тела ќе ја донесат вечерва по што ќе се знае дали ќе најдат место во некоја од коалициите или ќе ги повикаат своите гласачи да ги бојкотираат изборите". Следи навраќање на информациите за „бура незадоволство кај партиското членство и поддржувачите" од листите, кое е особено силно кај малите коалициски партии кои ќе имаат двојно помалку пратеници, а „за членството и поддржувачите на СДСМ изборот на Заев и Шеќеринска е вовед во нова изборна катастрофа на 11 декември".

На 10 ноември има коментар со негативен тон за СДСМ „Експерти: Опасни најави од Заев за редефинирање на Уставот" (2 минути и 56 секунди) во кој се пренесува дел од изјава на Зоран Заев од дебатна емисија емитувана на ТВ 21. Се наведува дека тој во изјавата потврдил дека „планира отварање на Уставот со цел редефинирање на уставниот концепт на државата и тоа за прашања кои задираат во етничките права на заедниците. Иако процесот на промена на Уставот, Заев го врзува со граѓански концепт, сепак во таков пакет влегува и двојазичноста" и дека останува цврсто убеден оти албанскиот јазик треба да биде официјален на територијата на целата држава. Ова го коментира политичкиот аналитичар Александар Пандов како неразумна и опасна политичка реторика и предупредува дека „Заев во игра ги враќа веќе затворените етнички прашања кои со години предизвикуваа конфликти во државата". Тој смета дека, кога станува збор за меѓунационалните прашања Заев „застапува албанска страна" и оти станува збор за процес за креирање нова криза по изборите – „политичката да биде заменета со етничко-безбедносна".

**Член 75-б од Изборниот законик**

ТВ Сител, во седмиот извештаен период (од 1 до 10 ноември 2016 година) емитуваше повеќе прилози во кои (како што е наведено погоре во извештајов) има позитивен контекст за активностите, проектите, резултатите на Владата. Во следниве прилози, пак има поврзување на власта со политички субјект:

***Дневник во 19 часот 1.11.2016***

19:01:00 -19:03:02 „Клиничкиот центар „Мајка Тереза" ќе добие опрема вредна 11,5 милиони евра" - Никола Тодоров, од позиција на министер за здравство, зборува за набавката на нова опрема, предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија.

***Дневник во 19 часот 6.11.2016***

19:36:23 – 19:37:24 прилог со два телопи „На Државна кардиологија има двојно повеќе пациенти од лани" и „Тодоров: Во здравството следните 4 години инвестиција од над 200 милиони евра" – зборувајќи од позиција на министер за здравство, Никола Тодоров говори за предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија.

***Сектор за програмски работи***